Број: 02 -_____
_____ 2017 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од Првата седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 9 октомври 2017 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Фатмир Мецити, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Верица Проковиќ, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Данаил Дончев, В.Д. директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Даниела Јовческа Ѓуровска, директор на правниот сектор (делумно присутна);*
- *Вулнет Мурсели, директор на секторот за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување (делумно присутен);*
- *Кристина Христова, директор на секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Гоце Гаврилов, директор на секторот за информатика (делумно присутен);*
- *Зоран Крајоски, директор на секторот за контрола (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја водеше претставникот на Министерството за здравство, Фатмир Мецити. На почетокот утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети. Наведе дека од службите на Фондот бил запознаен дека денес во Фондот било примено решение за

именување на уште три В.Д. членови на Управниот одбор, со што е комплетиран составот согласно Законот за здравственото осигурување со вкупно седум В.Д. членови. Меѓутоа, со оглед што решението е примено денес, немаше можност новоименуваните членови да бидат поканети за седницата. Потоа го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година;*
3. *Разно.*

Предлогот беше едногласно прифатен, со што за работата на првата седница Управниот одбор едногласно го усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година;*
3. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.

ТОЧКА 1 - Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор

Во рамките на првата точка на дневниот ред, се утврди дека претседател на Управниот одбор во 2017 година е претставникот на Министерството за здравство а заменик на претседателот е претставникот на Министерството за финансии. Ова произлегува од одредбите на членот 55 на Законот за здравственото осигурување, според кој Управниот одбор има претседател и заменик на претседателот од именуваните претставници од Министерството за здравство и Министерството за финансии, кои наизменично по една година се менуваат во текот на мандатот. Бидејќи, од 1 јануари 2017 година, во претходниот состав на Управниот одбор

претседател бил претставникот на Министерството за здравство, и во продолжението на годината претседател треба да биде претставникот на тоа министерство. Оттаму, се утврди дека претседател на Управниот одбор е Фатмир Мецити а заменик на претседателот е Верица Проковиќ.

Потоа, директорите на секторите во централната служба на Фондот накусо ги запознаа членовите на Управниот одбор со делокругот на работа на секторите со кои раководат.

ТОЧКА 2 - Предлог за донесување на Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година

Во рамките на втората точка на дневниот ред, се дискутираше за предлогот кој се однесува на утврдување на месечен износ на средства за аптеката Бледи од Струга. На аптеката од Агенцијата за лекови и била изречена мерка привремена забрана за вршење на дејноста по што од страна на Фондот и бил раскинат договорот. Откако со правосилна пресуда на Основниот суд Струга била ослободена од одговорност за дејствијата поради кои и била изречена забраната, аптеката продолжила да работи во мрежата на здравствени установи. Поради тоа, Фондот треба повторно да склучи договор со аптеката па за таа цел се предлага, согласно Правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита, да и се определи месечен износ во иста висина со износот кој го имала пред раскинувањето на договорот.

Во врска со предлогот дискутираа сите членови на Управниот одбор а дополнителни објаснувања даде и директорот Рамадани. Откако дискусијата беше исцрпена, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година

со која се утврди месечниот износ за аптеката Бледи од Струга во предложената висина.

Бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката 3 - Разно, по донесувањето на одлуката од точката 2, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 13.45 часот заврши со работата на првата седница. Истовремено, следната седница на Управниот одбор беше закажана за вторник 17 октомври со почеток од 13 часот за што да бидат известени и новоименуваните членови кои не беа присутни на денешната седница.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Д-р Фатмир Мецити

Овој записник е едногласно усвоен од Управниот одбор на седницата одржана на 17.10.2017 година